- Darinka Petreska, Les temoignages diplomatiques francais sur la question nationale macedonienne après la Première guerre mondiale, (171-184).

Никола ЖЕЖОВ

## ИСТОРИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА 1986-1995, IV, СДИРМ, Скопје, 1997, 223

Сојузот на друштвата на историчари на Македонија (СДИРМ) годинава го издаде, долгоочекуваниот, **четврти том** од едицијата "Историографија на Македонија", во кој се презентирани 2204 библиографски единици за периодот 1986-1995 година.

Во неговото подготвување, под редакција на д-р Александар Трајановски, учествуваа: м-р Митко Б. Панов (I дел); м-р Ахмед Шериф (II дел); Никола Јордановски (III дел); д-р Надежда Цветковска (IV дел); д-р Ѓорѓи Малковски и Љубица Гонева (V дел) и д-р Виолета Ачкоска (VI дел). Делото е составено од предговор на македонски и француски јазик; список на периодични изданија; кратенки и шест тематски делови кои го покриваат периодот од праисторија до 1985 год.

На крајот од секој тематски дел, се дава преглед на објавени историографии, библиографии, хронологии и учебници, кои го опфаќаат односниот период.

Во првиот дел "Македонија од праисторијата до крајот на XIV век", (17-52), се прави обид што поцелосно да се презентираат објавените библиографски единици кои се однесуваат на овој долг временски период. Овој тематски дел е поделен на два покрупни наслови. Под првиот наслов презентирани се авторите и нивните трудови кои обработуваат теми од: античката историја на Македонија (В. Тупурковски, Н. Проева, П. Хр. Илиевски и др.); историскиот развој на палеобалканските народи и култури (Е. Петрова, В. Битракова-Грозданова и др.), а се дава осврт и на проучувачите на материјалните остатоци, главно од античкиот период (Е. Петрова, В. Битракова-Грозданова, И. Микулчиќ, В. Лилчиќ и др.). Во рамките на вториот наслов се претставуваат објавени трудови кои се однесуваат на средновековната историја на Македонија. Со издавање на изворен материјал се пројавиле: В. Деспотова, Л. Славева, М. Георгиевски, В. Мошин и др. За развојот на општествено-политичката и економската средновековна историја, со своите трудови особен придонес дале: Т. Томовски, Б. Панов, К. Аџиевски, С. Антољак и др. Значајни резултати се постигнати и во проучувањето на средновековната македонската културна историја за што особена заслуга имаат: Б. Алексова, Д. Коцо, Ц. Грозданов, В. Стојчевска-Антиќ, Х. Поленаковиќ и др.

Вториот дел носи наслов "Македонија во времето на османлиското владеење (од XIV до XIX век)", (53-63). Овде критички се презентираат речиси сите трудови на македонската историографија кои временски ја обработуваат оваа проблематика. Прво се прикажуваат зборниците и прилозите кои објавуваат турски документи (А. Стојановски, А. Матковски, В. Бошков, Д. Георгиев, Л. Благадуша и др.). Потоа се дава осврт на другите публикации (монографии, зборници од научни собири, статии и др.), кои се однесуваат на: административно-територијалната поделба; историјата на поедини краеви, места или градови;

миграционите процеси; отпорот во Македонија; економската историја; исламизацијата и културната историја. Неспорно е дека доминантно значење за расветлување на сите овие прашања имаат А. Матковски и А. Стојановски.

Третиот дел "Македонија од почетокот на XIX век до 1918 година", (65-120), е мошне богат со библиографски единици. Тој е разделен на пет целини: извори; монографии; одбрани трудови и зборници; статии и прилози и, на крај, библиографски прилози. Со објавување извори се пројавиле следниве автори: А. Матковски, А. Трајановски, К. Џамбазовски, А. Христов, С. Дракул, А. Стојановски, М. Пандевски, Б. Ристевски, М. Миноски и др. Под монографии презентирани се 112 дела со најразлична тематика (црковна, политичка, државно-правна, воена, културна итн.). Меѓу позначајните автори на овие монографски трудови, освен горенаведените кои издавале и извори, може да ги споменеме и: Гл. Тодоровски, С. Димевски, И. Катарџиев, Д. Зографски, Д. Димески и многу други. Под целината Зборници и Одбрани дела, може да се сретнат триесетина трудови. Во рамките на целината Прилози претставени се околу 300 библиографски единици. За подобра прегледност истите се распределени во 16 тематски целини.

Четвртиот дел носи наслов "Македонија во периодот меѓу двете светски војни (1919-1941)", (121-161). Во периодот 1986-1995 год., објавени се неколку зборници на документи, а во научните списанија публикувани се 22 прилога со нови документи. Во делот каде се претставуваат монографските трудови, инаку 63 на број, се сретнуваат следниве автори: Д. Зографски, В. Картов, Х. Андонов-Полјански, Б. Ристовски, А. Христов, А. Апостолов, И. Катарџиев, Н. Цветковска и др. Овие автори обработуваат широка лепеза на тематски области од периодот меѓу двете светски војни (македонското национално прашање; работничкото и комунистичко движење; економско-социјалната ситуација, аграрната реформа и колонизација; ВМРО и ВМРО (Обединета); културно-просветната дејност итн.). За овој десетгодишен период објавени се и повеќе зборници од одржани научни собири и зборници на друг материјал. Исто така не е мал бројот и на публикувани статиии и други написи, во кои се разгледуваат одделни прашања од оние тематски области кои се наведени за монографиите.

"Македонија во Втората светска војна (1941-1945)" (163-206), е насловот на петтиот дел. Во овој дел презентирани се дури околу 700 библиографски единици. Во рамките на поднасловот Извори, обработени се дваесетина зборници на документи и прилози кои објавуваат документи за НОВ во Македонија. Под Мемоари се класифицирани околу 70 објавени сеќавања за личности и настани од учесници во НОВ. Во разгледуваниот десетгодишен период излегоа од печат и околу 80 монографии со различни тематски содржини, како на пример: познати или помалку познати учесници во НОВ; одредени места или области во НОВ; партизански одреди и други воени единици од НОВ; учеството и улогата на жените во НОВ; окупаторскиот систем и теророт на окупаторот; АСНОМ; културната историја и др. Потоа се дава преглед на голем број зборници од научните собири и зборници на научни трудови, меѓу кои посебно значајни се оние два за АСНОМ, објавени 1987 и 1995 година. Во овој десетгодишен период на јавноста и станаа достапни и неколку спомен книги на паднатите борци и жртви на фашистичкиот терор. Потоа се дава преглед на околу седумдесетина статии, од кои голем дел иницираат суштествени проблеми во македонската историографија. Бидејќи е огромен бројот на истражувачите кои се занимаваат со овој период од нашата историја, ние овде ќе споменеме само дел од нив кои ги сметаме за позначајни. Такви се: Н. Велјановски, Р. Кирјазовски, Т. Чепреганов, В. Весковиќ-Ванѓели, В. Иваноски, М. Михајлов, Д. Петреска, М. Димитријевски, Ѓ. Малковски, С.

Киселиновски, С. Младеновски, М. Тодоровски и многу други.

Последниот, шести дел насловен е како "Македонија по Втората светска војна (1945-1995), " (207-222). Во него најпрво се дава осврт на објавените изворни материјали. За овој повоен период овде ни се презентираат дваесетина монографски трудови, кои покриваат различни тематски содржини како: општествено-политичкиот развој (Л. Лазаров); државно-правниот развој (Н. Велјановски); аграрната политика (В. Ачкоска); просветата и просветната политика (Н. Јурукова); положбата на Македонците од егејскиот дел на Македонија (С. Киселиновски, Р. Кирјазовски, Т. Мамуровски); "критичка публицистика" (Ф. Танаскова, С. Циков); политички судења 1945-1985 (С. Ристески, Е. Гашев, Г. Крстески) итн. Во овој десетгодишен период објавени се повеќе зборници од научни собири и зборници на друг материјал посветени и на некои несоодветно обработени настани и ликови од современата историја. Исто така издадени се доста статии и други написи, во кои се третираат некои сегменти од гореспоменатите теми за монографските дела.

Во овој том на едицијата објавени се досега најголем број библиографски единици, 2204 и кога тие ќе се соберат со оние што се презентирани во минатите три тома, се добива импознтна бројка од околу 6800. Тоа е навистина голем потфат за кој најголема заслуга има основоположникот на едицијата "Историографија на Македонија", д-р Петар Стојанов. Со надеж дека во иднина, оваа публикација ќе излегува на секои пет години, можеме со право да констатираме дека помошта што ја пружаат ваквите периодични едиции станува неопходна за понатамошниот развој на македонската историска наука.

Тони ФИЛИПОСКИ